Согласно Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија“ број61/2004, 92/2007, 102/2008, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15, 23/16 и 151/21) и Законот за Општата управна постапка (Сл. Весник на Р. Македонија бр.124 од 23.07.2015 год. член 80), Општина Битола објавува:

## ЈАВЕН ПОВИК

За работно ангажирање на 15 лица **невработени со средно образование** кои ќе вршат доставување на решенија и покани за данок на имот до граѓаните. Работното ангажирање ќе биде за период март/ април и ќе добиваат надоместок по учинок 17 денари за решение и 3 денари за покана.

**Кандидатите треба да достават барање и копија од документ за идентификација (лична карта**).

Заинтересираните кандидати да се јават во период од 6 работни дена од денот на објавување на огласот, заклучно со 16.01.2024 год.

Бараните документи можат да се достават во просториите на Општина Битола ул. „Булевар 1 Мај“ бр.61 на шалтер бр 1.

Бр.08-15/2
09.01.2024

ГРАДОНАЧАЛНИК
Тони Коњановски